**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: Сите радиодифузери**

**За: Управителот/одговорниот уредник**

**Предмет: Известување во врска со мониторингот за време на изборната кампања - Локални избори 2017 година**

Бр. 03-4135/1

Скопје 22.09.2017г.

Почитувани,

Ве потсетуваме дека според роковникот на изборни дејствија, во понеделник на 25 септември 2017 година, започнува изборната кампања за Локалните избори. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе продолжи со мониторингот на изборното медиумско претставување во согласност со одредбите од Изборниот законик што се применуваат за време на изборната кампања.

Во овој период од изборниот процес, радиодифузерите што одлучиле да ги покриваат изборите ги имаат следниве обврски:

- *Да известуваат на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма. Без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување* ***(член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик);***

- *Избалансирано покривање на локалните избори во сите облици на изборно медиумско претставување треба да обезбедат:*

  - *за избор на градоначалник во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;*

  - *за избор на членови на советите на општините, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост* ***(член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик);***

- *Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект* ***(член 75-б од Изборниот законик);***

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

- *Јавниот радиодифузен сервис за време на кампањата е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма, при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% за активностите на политичките партии на власт, 30% за активностите на политичките партии во опозиција и 10% за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на РМ.*
  *Времето за информирање за активностите на кампањата на политичките партии треба да биде распределено согласно со принципите на избалансирано известување.*
  *Треба да обезбеди редовно информирање за изборниот процес и за лицата со оштетен слух.*

  *Во првиот и во вториот круг на гласање, должен е да емитува бесплатно политичко претставување на учесниците во изборниот процес во согласност со принципите за избалансирано покривање на изборите и правилата за негова реализација утврдени во членовите 75-а и 76-а од Изборниот законик.*

  *Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на РМ во времетраење од по три часа треба да обезбеди бесплатно политичко претставување на кампањите на политичките партии застапени во Собранието, како и еден час за бесплатно политичко претставување на кампањите на подносителите на листи кои не се застапени во Собранието.*

  *Од денот на распишување на изборите до изборниот молк Јавниот радиодифузен сервис е должен да организира дебатни емисии односно соочувања на најголемите политички партии од власта и опозицијата, како и на останатите учесници во изборниот процес**(член 76-а од Изборниот законик);***

- *Радиодифузерите (освен Јавниот радиодифузен сервис) можат да емитуваат вкупно 18 минути дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за политичките партии на власт можат да одвојат најмногу осум минути, за политичките партии во опозиција можат да одвојат најмногу осум минути, за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои немаат пратеничка група можат да одвојат една минута, а за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија можат да одвојат една минута.*

  *При распределба на дополнителното време за рекламирање во еден реален час емитувана програма, а кога постои интерес за спојување на блоковите на една политичка партија во два последователни реални часа, медиумот е должен да обезбеди гаранција дека спојувањето на блокови во два последователни часа, два пати по ред, нема да биде од иста политичка партија и ќе обезбеди гаранција за наизменична застапеност на политичките партии од власт и опозиција.*

  *На сите учесници во изборниот процес треба да им обезбедат рамномерен пристап за платено политичко рекламирање* ***(член 75-ѓ од Изборниот законик);***

- *Платеното политичко рекламирање мора да биде соодветно и видливо означено како „платено политичко рекламирање“ и јасно одвоено од другите содржини на медиумите.*
  *Нарачателот на рекламирањето мора да биде јасно означен во сите облици.*
  *Не е дозволено учество на малолетници во платено политичко рекламирање.*
  *Не смее да се емитува во вести, посебни информативни програми, образовни и програми за деца, и во преноси од верски, спортски, културни, забавни и други настани.*
  *Посебните информативни програми не смеат да се користат како облик на платено политичко рекламирање* ***(член 76 од Изборниот законик);***

- *До завршување на изборите, радиодифузерите не смеат да емитуваат, односно да објавуваат реклами финансирани од Буџетот на РМ, на општините, на градот Скопје и на сите други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања* ***(член 75-д став 4 од Изборниот законик);***

- *Резултатите од испитувањата на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес се објавуваат најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на изборите за првиот и вториот круг на гласање.*
  *Медиумите се должни да наведат податоци за името на нарачателот кој го побарал и го платил испитувањето, институцијата што го извршила, применетата методологија, големината и структурата на испитаниот примерок и периодот во кој е спроведено.*
  *Резултати од испитувања на јавното мислење спроведени на самиот ден на изборите не смеат да се објавуваат пред 19:00 часот, односно пред затворањето на избирачките места* ***(член 77 од Изборниот законик).***

За правилата за изборно медиумско претставување и за начинот на спроведување на мониторингот од страна на Агенцијата, подетално може да се информирате во Изборниот законик и во Методологијата за мониторинг, достапни на нашата веб страница – www.avmu.mk, во банерот ИЗБОРИ 2017.

На редовниот јавен состанок, закажан за 27 септември 2017 година (среда), со почеток во 12 часот, покрај другите теми, Агенцијата ќе ги презентира и правилата за изборно медиумско претставување и Методологијата за мониторинг.

За периодот на изборната кампања Агенцијата ќе објави по два поединечни извештаи за начинот на покривање на изборите за сите медиуми што се предмет на мониторинг, во два извештајни периоди. Првиот извештај ќе биде за периодот од 25 септември до 4 октомври, а вториот за периодот од 5 до 13 октомври 2017 година.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги**
**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**